# Популаризација на културното наследство во Скопје и скопско

Проект од областа на културата
од јавен интерес за градот Скопје во 2019 година

# Популаризација на културното наследство во Скопје и скопско

**Издавач**

Институт за македонска литература при
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**За издавачот**

проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, директорка

**Уредници**

проф. д-р Илија Велев
проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ

**Технички уредник**

д-р Сарита Трајанова

**Јазична редакција**

проф. д-р Лилјана Макаријоска

**Превод и јазична редакција на резимеата на англиски јазик**

доц. д-р Мира Беќар

**Зборникот е објавен со материјална поддршка на Град Скопје и Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија**

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО СКОПЈЕ И СКОПСКО

**Зборник**

на трудови од Конференцијата

*Популаризација на културното наследство во Скопје и скопско*

Институт за македонска литература во Скопје и

Марков манастир „Св. Димитрија“, 11 и 12 април 2019.

**Уредници**

Илија Велев, Маја Јакимовска-Тошиќ

Институт за македонска литература

Скопје 2020

Конференција од проектот
**Популаризација на културното наследство во Скопје и скопско**

11 и 12 април 2019 година, Институт за македонска литература во Скопје и Марков манастир „Св. Димитрија“

Организатор
Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Програмско-организационен одбор
проф. д-р Илија Велев, претседател
проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, директорка и член
проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, член
д-р Сарита Трајанова, секретар и член

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

930.85(497.711/.712)(082)

КОНФЕРЕНЦИЈА Популаризација на културното наследство во Скопје и скопско (2019 ; Скопје)
Популаризација на културното наследство во Скопје и скопско : зборник на трудови од Конференцијата Популаризација на културното наследство во Скопје и скопско, Институт за македонска литература во Скопје и Марков манастир „Св. Димитрија“, 11 и 12 април 2019 / уредници Илија Велев, Маја Јакимовска-Тошиќ. - Скопје : Институт за македонска литература, 2020. – 161 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија и summaries кон трудовите

ISBN 978-608-4744-18-4

а) Културно наследство -- Скопје и скопско -- Зборници

COBISS.MK-ID 51301893

# СОДРЖИНА

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ........ 7

**Поздравни обраќања од свеченото отворање на конференцијата** ........ 13-22

## Културолошки практики на мобилност

**Ѓоко Ѓорѓевски**
РЕЛИГИСКИОТ АСПЕКТ НА САКРАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО СО ОСВРТ НА СКОПЈЕ И СКОПСКО ........ 25

**Валентина Миронска-Христовска**
КНИГИТЕ КАКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО БИБЛИОТЕКИТЕ И ЧИТАЛИШТАТА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ (XVI-XIX ВЕК) ........ 35

**Сарита Трајанова**
УЛОГАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО (НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СКОПЈЕ) ........ 55

**Славчо Ковилоски**
ПРЕГЛЕД НА МАТЕРИЈАЛНАТА И ДУХОВНАТА КУЛТУРА ВО СКОПСКА БЛАТИЈА ........ 75

**Валентина Поцеска**
ТРЕТМАНОТ НА АРХЕОЛОШКОТО НАСЛЕДСТВО ВО СКОПЈЕ ........ 87

**Нада Андоновска**
НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И НЕГОВАТА СОЧУВАНОСТ ВО СКОПЈЕ И СКОПСКО ........ 97

## Проектна интеракција

**Маја Јакимовска-Тошиќ**
МАРКОВИОТ МАНАСТИР „СВ. ДИМИТРИЈА“ – ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ........ 117

**Илија Велев**
ДУХОВНИТЕ И КУЛТУРНИТЕ ЦЕНТРИ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА ........ 133

УДК 930.85:721.222-523(497.711)
УДК 271.222-523:930.85(497.712)

**Ѓоко Ѓорѓевски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“

# РЕЛИГИСКИОТ АСПЕКТ НА САКРАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО СО ОСВРТ НА СКОПЈЕ И СКОПСКО

Религијата е интегрален дел од културата и историјата на секоја нација и поголемиот дел од културното, историското, уметничкото и археолошкото наследство се поврзани со религијата. Тоа е сведоштво за верата и спиритуалноста, но е и манифестација на визијата за животот. Заради важноста на овој феномен, во овој труд ќе се истражи врската на религијата со наследството на територијата на Скопје и Скопскиот регион, кои оставиле длабок печат врз создавањето македонски христијански идентитет, историја, култура и вера.

**Клучни зборови**: религија, сакрална култура, културно наследство, Скопска епархија, Скопје, скопско

Во многу сфери од човековото живеење, религијата има неспорна способност да проникне во реалноста која нè опкружува и да влијае врз различните појави коишто ја оформуваат. Во ова, секако, културните добра не можат да бидат исклучени од повеќе причини: религијата е составен дел на културата и историјата на секој народ, а и голем дел од културното, историското, уметничкото и археолошкото наследство е поврзано со религијата (Tsivolas, 2014: 1-2). Не е случајно тоа што во најголем дел светското културно наследство е создадено и сочувано во храмови, цркви, слики и сакрални предмети. Станува збор за сведоштва за верата, за духовното и за небесното, а воедно и за манифестирање на една визија за животот и светот овде на земјата.

Постои интимна симбиоза меѓу религијата, духовноста, културата и уметноста. Всушност, религијата, културата и уметноста се испреплетуваат и меѓусебно се откриваат. Нема историски момент богат со култура во кој не процветува уметничкото творештво, исто како што нема уметнички

плоден период кој не сочинува дел од создавањето на глобалното културно богатство. Блиската врска меѓу религијата и уметноста, меѓу религијата и културата се отсликува во бројните уметнички ремек-дела кои се инспирирани токму од духовните вредности (Giovanni, 1995: 2).

Христијанската уметност, пак, има длабока теолошка вредност, имајќи предвид дека на свој начин секогаш комуницира религиозната порака: „уметноста има посебно свој капацитет да ја прифати духовната порака, преведувајќи ја во бои, облици, звуци кои ја поттикнуваат и поддржуваат интуицијата на оној кој гледа и на оној кој слуша“ (Giovanni, 1995: 12). Па така, уметноста и културното наследство, во основа, заземаат определено значење бидејќи нивната првенствена намена е да евангелизираат и да бидат средства за литургиска намена“ (Giovanni, 1995: 2).

Сакралната уметност создавана со векови е од исклучително значење, а токму нејзината вистинска вредност низ историјата била причина за нејзино осознавање и воздигнување, но некогаш и за нејзино уништување. Тоа е уште едно сведоштво дека религискиот аспект на секое сакрално културно наследство може да биде употребен, но и злоупотребен. Свежи се сеќавањата на уништувањето на статуите на Буда од страна на Талибанците кои, како она од Палмира, ги има своите корени во желбата да се негира религиозната културна визија, па и цивилизацијата за којашто тие сведочат. Историјата нуди и многу други примери на културни политики што го напаѓаат религиозното добро со сила на законот како средство за искоренување на верата, чиј носител или сведок е таа. Да се потсетиме на т.н. „војна на мумиите“ која се објавува во Русија со закон против моштите на светителите почитувани во Православието. Со декрет од 1919 година е наредено отворање на реликвијарите со моштите од светителите, за да се покаже дека нивното почитување е резултат на мистификација и лаги. Тоа резултира со уништување на значителен дел од светите останки, кои се сведоштво за историјата и културата на еден народ и на неговата вера. Почитувањето на моштите, како и на иконите, е типична особина на православната обредност и духовност, реализација на т.н. „присуство во отсуство“: тие го прават невидливото видливо, а почитувајќи ги, допирајќи ги, им се овозможува на верниците да се постават пред Бога и да созерцаваат пред озарувачката благодат која извира од нив. Ова значи дека реликвиите и иконите, дури и најскапоцените на уметничко ниво, никогаш не ја губат својата литургиска функција: тие се секогаш првенствено верски добра. Во однос на сфаќањето на сакраменталниот карактер во Православието, со право се забележува

дека, „сакраменталноста на предметите, реликвиите и чинодејствијата на Црквата не е нешто само што се тврди и верува, туку всушност се среќава во нејзиното искуство, колку и да е тоа навидум нејасно“ (Foltz, 2019: 55). Покрај тоа, ако целата уметност е првично света уметност, и ако светата уметност во суштина е средство за да се направи невидливото видливо, тогаш иконографијата на византискиот исток е веројатно врвен пример на уметноста. Иконата во суштина не е само претставување на светата реалност, туку претставување на истата во рамките на видливото (Foltz, 2019: 165).[1] И како што вели свети Василиј Велики, „почитта кон иконата секогаш минува директно на нејзиниот прототип“ (St Basil the Great, 1997: 18).

Во овој контекст, се чини за потребно да се потсети на начинот на кој „светото“ и „сакралното“ се видени, па дури и „однадвор“, набљудувани надвор од заедницата и нејзиното верување. Како прво, многумина прават разлика меѓу ἱερόν и ἅγιον, „сакрално“ и „свето“. Додека ἱερόν се јавува во врска со терминологијата која се однесува на богослужението или на светите места и луѓе, ἅγιον припаѓа на областа на светото, без разлика дали е тоа врз основа на природна врска или е асоцирано со определена состојба. За разлика од „светото“ кое е, објектите и предметите кои се „сакрални“, можат тоа да станат преку определено чинодејствие (Mondzain, 2005: 118-119). Според концептуалната теологија на Метју Еванс (Matthew Evans) за „сакралното“, тоа во општа смисла може да биде разбрано како „things set apart“. Тој разликува четири типа сакралност: персонална и граѓанска сакралност (обете поврзани со „природната“ димензија) и религиозна и духовна сакралност (обете поврзани со „натприродната“ димензија) (Evans, 2003: 32-47). Пол Пост (Paul Post) ја истакнува разликата меѓу религиозната и духовната сакралност; додека првата е основна, втората има многу поширок опсег (Post, 2009: 367).

[1] “It is a doorway through which those invisible realities can themselves approach us, engage us, come to meet us, just as do the lines of reverse perspective that converge on the viewer” (168). “Authentic art, then, is art that would seek to disclose this highest truth, this interpenetration of the earthly and temporal with the divine energies of the eternal God” (Foltz, 2019: 177). [„Таа е премин преку кој овие невидливи реалности самите можат да ни пристапат, да ни го привлечат вниманието, да нѐ сретнат, исто како што тоа го прават линиите на обратната перспектива што конвергираат во набљудувачот“ (168). „Оттука, автентичната уметност претставува уметност која настојува да ја открие оваа најврвна вистина, ова взаемно продирање на земното и темпоралното со божествените енергии на вечниот Бог“ (Foltz, 2019: 177).]

Според Грајмс (Grimes), пак, станува збор за флуидна типологија.[2] За разлика од нив, Браун (Brown) дискутира за сакралната област користејќи сакраментална терминологија која потекнува исклучиво од класичната религија и традиционалното христијанство (Brown, 2004).

Теоретичарите обично се на мислење дека е тешко да се дефинира светото,[3] особено затоа што тоа се дефинира преку неговата спротивставеност, односно преку профаното. „Светото е она што не е профано, туку е онтолошки и аксиолошки супериорно во однос на профаното".[4] Мирча Елијаде во својата книга „Светото и профаното" ја донесе идејата за светото место преку неговиот систематски обид да ги лоцира начините на кои „религиозниот човек" открива и го создава „светото" во просторот и времето: „Со манифестирање на светото, секој предмет станува нешто друго, но сепак и понатаму останува самиот за себе, зашто и понатаму учествува во космичкото милје коешто го опкружува. Светиот камен останува камен. Но, за оние на кои каменот им се открива како свет, неговата непосредна реалност се менува во натприродна реалност" (Eliade, 1987: 12).[5] Во однос на определената „трансмутација" на

---

[2] "Rather than separating things and playing them off against one another, they are presented in connection to and in tension with one another. Religion and sacrality/spirituality are not synonymous, nor arethey wholly unconnected with each other" (Grimes, 1999: 261-273). [„Наместо одделување на нештата и нивно противположување, тие се претставени во врска со и во спрега едно со друго. Религијата и сакралноста/духовноста не се синонимни, ниту, пак, се потполно неповрзани една со друга." (Grimes, 1999: 261-273)]

[3] Рудолф Ото во својата книга „Идејата на светото", истражува за природата на das Heilige или на светото. Тоа е збор што, според гледиштето на Ото, е осиромашен во неговото значење преку вообичаената употреба. Неговата намера е да го пренасочи терминот „свето" на неговото оригинално нерационално и емоционално значење и за таа цел тој го кова зборот „нуминозно" – тоа е чувство за нуменот или божественото. За Ото тоа е единствена ментална состојба која не може да се сведе на која било друга и која може да се опише само со неточни аналогии (Otto, 1920: 7).

[4] Објаснувајќи ја комплексноста на идејата на светото како детерминирачка амбивалентност, како инхерентно повеќезначна и тензична природа, како збор на спротивставености, Тодоровска вели: „Светото припаѓа на домен кој е тешко достапен…. кој е различен од просторниот и временскиот контекст на несветото, т.е. на профаното. Светото и профаното не се спротивни како што се плусот и минусот во математиката, на пример, затоа што тие претставуваат спротивставени страни од кои едната има важност, длабочина и значење, додека другата страна ги нема…" (Тодоровска, 2016: 10).

[5] Во овој контекст и Мартин Смит вака размислува за религиозното значење на сакралното: "That word brings up a wholly different conception about the value of place ... If a place is "sacred" then the tendency is to import some inherent, perhaps otherworldly, significance to a plot of ground" (Smith, 2008: 20). [„Овој збор во себе носи потполно

физички места во места со културно значење, Елијаде вели: „За оние кои имаат религиозно искуство, целата природа е способна да се открие како космичка сакралност“. За него, овој наратив е учебникарски пример за потеклото на свето место: божествената моќ достигна во човечкиот живот, а човечката реакција е да го смета тоа место за свето и поблиску до небото (Eliade, 1987: 12).

Сосема прилега обмислувањето на оваа многуслојна проблематика да биде сврзано со територијата на Скопје и скопско, неразделив дел од другите соседни места, коишто оставиле длабок печат во обликувањето на македонскиот христијански идентитет, историја, култура, и – што е најважно – вера. Уметноста е дел од светската црковна традиција која минува низ многу фази, од времето на катакомбите па до денес; таа е средство на израз на исповеданото верување, со различни нијанси, карактеристични за секоја епоха, во раскошот на најчувствителните форми. Токму затоа, црковните културни добра го прават евидентно христијанското живеење на една територија, а не ретко тоа придонесува и за подобро разбирање на историјата на народот кој таму живеел и живее.

Познато е дека уште за време на римското владеење во близина на денешното Скопје бил сместен Скупи, главниот град на провинцијата Дарданија. Првите христијански сведоштва овде се среќаваат дури по Миланскиот едикт во 313 година, но се смета дека градот и пред тоа имал свој епископ. Можно е дарданскиот епископ, кој бил присутен на Првиот вселенски собор во Никеја во 325 година, да бил токму од главниот град на провинцијата. Царот Теодосиј I при своите престојувања во Скупи во 379 и 388 г. издал два царски указа. Во IV век градот станал седиште на епископија, а подоцна и на архиепископија. Во VI век, северно од градот (кој претходно ќе настрада од катастрофален земјотрес) царот Јустинијан издигнал нов град кој ќе го носи неговото име, Јустинијана Прима, и кој ќе стане нов административен и духовен центар на Илирик. Археолошките истражувања од тие времиња откриле постоење на две базилики, едната од раниот IV век, додека другата веројатно потекнува од крајот на V и почетокот на VI век (Поповић, 2004: 72-73).

Натаму низ целиот средновековен период, а и низ просветителските и преродбенските духовни и културни форми на дејствување преку

---

поинаква концепција за вредноста на местото... Ако едно место е „свето“ тогаш тенденцијата е да се внесе некакво инхерентно, можеби дури и онстраноземско значење на тоа парче земја“. (Smith, 2008: 20)] За верниците тоа станува „свет објект исполнет со моќен благослов за молитвено вдахновение“ (McGuckin, 2008: 355).

современите процеси, Скопската епархија како една од диецезите на Охридската архиепископија во континуитет го развивала и го афирмирала културното наследство во Скопје и скопско. Имало периоди и кога низ историјата на тој простор се воспоставувале туѓи воено-политички и црковни протекторати, кога Скопската епархија ја менувала јурисдикцијата – но во нејзината диецеза продолжила да се одвива духовната и културната традиција.

На територијата на Скопје и скопско скоро и да не постои населено место без православно христијанско светилиште, црква, манастир, параклис, крст. Останати се богати сведоштва од областа на архитектурата, фрескоживописот, иконописот, резбата, ракописите, – сведоштва за една духовна креативност која до ден денес се негува во монашките братства и сестринства.

Само да си споменеме за манастирот „Свети Георгиј“ – Криви Дол и црквата „Свети Спас“ во Скопје. Скопска Црна Гора, заради бројноста на црковните светилишта, со право го носи епитетот „Мала Света Гора“: „Свети Никита“ во Горњани, „Свети Никола“ во Љубанци, „Свети Илија“ – Чардак, „Свети Илија“ во Бањани, црквата „Свети Спас“ во Кучевиште и многу други го красат овој македонски предел. Силно свештено сведоштво е запазено и во Матка, во манастирите „Успение на Пресвета Богородица“ и „Свети Андреј“, како и во „Свети Никола“ во Шишево. Историската, уметничката и духовната важност на манастирот „Свети Димитриј“ во Маркова Сушица и „Свети Пантелејмон“ – Горно Нерези е непроценлива и неспоредлива. Кон овие се вбројуваат и подоцнежните градски црковни градби, како што се храмовите „Свети Димитриј“, „Свети Георгиј“, „Света Петка“, „Свети Петар и Павле“, архиепископскиот соборен храм „Свети Климент Охридски“, како и возобновената катедрална црква „Рождество на Пресвета Богородица“. Скопје како град на различности и преку овие сакрални градби потврдува дека православната христијанска духовност не е затворена и неменлива. Напротив, таа е секогаш жива, обновлива, споделива, постојано отворена за нови можности за духовен раст. Таа не се плаши да се развива меѓу други идентитети, култури и религии, но, имајќи цврста и сигурна основа, таа кон сите ја нуди својата отвореност, љубов и почит.

Спомнатите запазени сведоштва до денес раскажуваат за милениумската духовна традиција на овие простори, која воедно го одбележува и културниот идентитет на овој народ. Како крстопат на многубројни култури меѓу истокот и западот, Скопје претставува вистинска

духовна ризница, која и денес ја облагородува современата македонска духовност и култура и на тој начин се претставува како непресушен и постојано обновлив извор. Таа христијанска уметност, тоа културно богатство продолжува да ја извршува својата улога на комуникатор со извонредна ефективност,[6] и сето тоа преку убавината на сензибилните форми, проткаена во историјата на заветот меѓу Бога и човекот (Paolo, 2000: 3). Сакралната уметност и култура на тој начин стануваат посебно значајни во изразувањето и обраќањето кон светот, како значаен сегмент од инкултурацијата на верата во дијалогот на Црквата со општеството (Paolo, 2000: 2). На тој начин тие стануваат привилегирани инструменти за денешната евангелизација, бидејќи духовно и созерцателно се приближуваат до луѓето и кореспондираат со црковните пастирски потреби. Потоа, токму сакралното културно наследство, црковната уметност и архитектура, може да биде област на дијалог меѓу Црквата и современата лаичка и секуларизирана култура. Онаму каде што не е можно отворено да се реализира теолошки или религиозен дискурс, како низ вековите, така и денес, уметноста во своите различни изрази – фигуративно, музичко, книжевно – може да претставува порта преку која ќе се споделуваат христијанските вредности и содржини. Денес човекот е систематски корисник повеќе на слики и знаци отколку на зборови. Затоа е потребно поттикнување и прочистување на окото. Со други зборови, повторното освојување на убавината не е само пат за повторно откривање на верата, чистотата на духот и големите духовни вредности, туку воедно е начин и повторно да се открие културното богатство, историското сеќавање на еден народ и неговиот изборен и вистински идентитет.

[6] Според Рајдинг, “the central ideas for creating a sacred space have to do with truth and authenticity, a search for clarity, peace, transparency, a yearning for spirituality; the architect has to think of the original material of architecture, space and light” [„главните идеи за создавање свето место се поврзани со вистината и автентичноста, со потрагата по разбирање, мир, транспарентност, копнежот за духовност; архитектот мора да размислува за оригиналниот материјал на архитектурата, просторот и светлината“] (Riding, 2003: via www.wirednewyork.com).

## Литература

Brown, D. 2004. *God and the Enchantment of Place. Reclaiming Human Experience*, Oxford.
Eliade, Mircea. 1987. *The Sacred and The Profane: The Nature of Religion*, San Diego.
Evans, M. 2003. “The Sacred: Differentiating, Clarifying and Extending Concepts”, *Review of Religious Research* 45 (1/2003), 32–47.
Foltz, Bruce V. 2019. *Byzantine Incursions on the Borders of Philosophy Contesting the Boundaries of Nature, Art, and Religion*, Cham.
Giovanni, Paolo II, *Allocuzione ai membri della Pontificia Commissione per i Beni Culturali della Chiesa in occasione della prima assemblea plenaria*, 12 ottobre 1995, n. 2.
Giovanni, Paolo II, *Lettera del Papa agli artisti*, 4 aprile 1999, n. 12.
Giovanni, Paolo II, *Messaggio ai membri della Pontificia Commissione per i Beni Culturali della Chiesa in occasione della seconda assemblea plenaria*, 25 settembre 1997, n. 2.
Giovanni, Paolo II, *Allocuzione ai membri della Pontificia Commissione per i Beni Culturali della Chiesa in occasione della terza assemblea plenaria*, 31 marzo 2000, n. 3.
Giovanni, Paolo II, *Allocuzione alla prima assemblea plenaria*, cit., n. 2.
Grimes, R. L. 1999. “Jonathan Z. Smith’s Theory of Ritual Space”, *Religion* 29 (1999) 261–273.
McGuckin, John Anthony. 2008. *The Orthodox Church: An Introduction to its History, Doctrine, and Spiritual Culture*, Oxford.
Mondzain, Marie-Jose. 2005. *Image, Icon, Economy: the Byzantine Origins of the Contemporary Imaginary*, Stanford.
Otto, Rudolf. 1920. *Das Heilige*, Breslau, 7.
Поповић, Радомир. 2004. *Хришћанство на тлу источног Илирика пре досељења Словена,* Београд.
Post, Paul. 2009. “A Symbolic Bridge Between Faiths: Holy Ground for Liquid Ritual”, *Interaction between Judaism and Christianity in History, Religion, Art and Literature*, ed. Marcel Poorthuis – Joshua Schwartz – Joseph Turner, Leiden-Boston, 357–374.
Riding, A. 2003. “The Vatican’s modernist moment”, *Wired New York Forum*, 30 October 2003, via www.wirednewyork.com.
Smith, Martyn. 2008. *Religion, Culture, and Sacred Space*, New York.
St Basil the Great. 1997. *On the Holy Spirit*, St Vladimirs Seminary.
Тодоровска, Марија. 2016. *Дијаболичната природа на светото,* Скопје.
Tsivolas, Theodosios. 2014. *Law and Religious Cultural Heritage in Europe*, London.

**Gjoko Gjorgjevski**

**The Religious Aspect of Sacred Cultural Heritage, with Reference to Skopje and its Surroundings**

Summary

Religion is an integral part of the culture and history of every nation, and most of the cultural, historical, artistic, archaeological heritage is related to religion. It is a testimony of faith and spirituality, and also a manifestation of a vision of life. Having this complex issue in mind, in this paper it will be correlated to the territory of Skopje and its surroundings, which have left a deep mark on the shaping of the Macedonian Christian identity, history, culture and faith.

**Key words**: religion, sacred culture, cultural heritage, diocese of Skopje, Skopje, Skopje surroundings